10.3

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 04-783/10
Датум: 04-05-2022
СКОПЈЕ

*И - Образец 6*

Врз основа на член 110, член 160, член 162, член 164, член 165, член 170 и член 175 став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 и Сл. весник на РСМ 178/2021), член 325 од Статутот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје (Универзитетски гласник бр.425/2019), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет на **IX** редовна седница одржана на **4.V 2022 год.,** ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор во соработничко звање**

1. Се прифаќа рефератот на рецензионата комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1259 од 15.IV 2022 година за избор на **м-р Маја Филиповска** во **асистент** во соработничко звање од наставно-научните области: Дефектологија (шифра 50521), Ортопедагогија (шифра 50519) и Дефектолошка дијагностика (шифра 50523).

2. Се избира **м-р Маја Филиповска** во соработничко звање **асистент**, за следниве наставно-научни области: Дефектологија (шифра 50521), Ортопедагогија (шифра 50519) и Дефектолошка дијагностика (шифра 50523).

Со именуваната ќе се склучи договор за работа со кој засновува работен однос за времето на кое е избрана.

3. **м-р Маја Филиповска** се избира во соработничко звање **асистент, за време од три години.**

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на Известувањето од Министерството за финансии на РСМ за обезбедени финансиски средства за вработување со арх. бр. 18-1106/2 од 16.02.2022 год. е распишан Конкурс за избор во наставно-научните звања по назначените наставно-научни области како во диспозитивот на одлуката, објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" од 4.III 2022 година, на кој се пријави: **м-р Маја Филиповска.**

Во изготвениот Реферат од страна на рецензионата комисија со бр. 04-783/8 од 12.IV 2022 год., беше предложен кандидатот **м-р Маја Филиповска** за избор во наставно-научно звање доцент.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 4.V 2022 година го разгледа и прифати рефератот и предлогот на Рецензионата комисија и донесе одлука како во диспозитивот на актот.

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуван/ата, досието, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделение за човечки ресурси и настава, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

изработил: Ана Ј. Иванова